ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
# СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

01 2022 07 02/3

Скопје, март 2023

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 6 |
| **Финансиски извештаи за 2021 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 7 |
| Биланс на состојба | 8 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 9 - 10 |
| Сметководствени политики | 11 - 12 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 12 - 15 |

Кратенки користени во извештајот:

МФ – Министерство за финансии
МЛС – Министерство за локална самоуправа
МО – Министерство за одбрана
МОН – Министерство за образование и наука
МК – Министерство за култура
МТСП – Министерство за труд и социјална политика

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-77/10
Датум: 10.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност во Општина Кисела Вода, сметка на приходи на буџет на дотации (930), за 2021 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година.

Извршена е ревизија за 2017 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Кисела Вода, сметка на приходи на буџет на дотации (930) и е изразено мислење без резерва.

На оваа сметка се евидентирани трансфери од централната власт по основ на блок дотации од областа на основното образование и детската заштита (детски градинки).

За распределба на средствата од блок дотациите, Општина Кисела Вода има донесено Одлука[1] за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на општината.

На сметката на приходи на буџет на дотации (930) на општината на 31.12.2021 година има неискористени средства од корисниците на блок дотации во износ од 16.854 илјади денари, односно 4,38% од вкупните приходи на оваа сметка.

Во текот на 2021 година, согласно член 22-а од Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[2] не е искористено правото за префрлање на вишокот на средства од сметката на приходи на буџет на дотации (930), на сметката на основниот буџет (630) или на посебна наменска сметка за финансирање на конкретен проект или активност, поради неизмирени обврски на 31.12.2020 година на основните училишта и детските градинки[3] кои се финансираат со средствата од блок дотациите.

Од одговорното лице на Општина Кисела Вода не се добиени забелешки на Нацрт извештајот број 16-77/3 од 16.01.2023 година.


---

[1] Одлука со бр. 09-498/7 од 27.01.2021 година („Сл. гласник на Општина Кислеа Вода" број 02/2021)

[2] („Сл. весник на Република Северна Македонија" број 77/2021)

[3] 7.565 илјади денари се евидентирани како обврски на основните училишта и на детските градинки што дејствуваат на подрачјето на Општина Кисела Вода заклучно со 31.12.2020 година

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кисела Вода, сметка на приходи на буџет на дотации (930), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и издаден извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кисела Вода, сметка на приходи на буџет на дотации (930) за 2017 година, во кој е изразено мислење без резерва.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Филип Темелковски, градоначалник на Општина Кисела Вода до 26.10.2021 година,
- Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Општина Кисела Вода од 27.10.2021 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на користените сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.08.2022 година до 09.12.2022 година, кај Општина Кисела Вода, од тим на Државниот завод за ревизија.

3. Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 28.12.2022 година.
Од одговорното лице на Општина Кисела Вода не се добиени забелешки на Нацрт извештајот број 16-77/3 од 16.01.2023 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Кисела Вода на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

## 5. Останати прашања

Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во 2004 година за првпат се воведени блок дотациите, како дотации за финансирање на пренесените надлежности во образованието, културата, детската заштита и заштитата на стари лица во општините. Системот на финансирање на пренесените надлежностите на општините не е заснован на начелото на финансирање на надлежности (функции), туку на институции од образованието, детската и социјална заштита и културата. Со ваквиот начин на финансирање, децентрализацијата не обезбедува хармоничен и избалансиран однос меѓу демографскиот, економскиот и културниот развој на државата, односно постојат разлики поради нееднаквата развиеност на урбаните и руралните општини, со што сите општини не можат подеднакво да учествуваат во децентрализираните процеси во сите области, посебно во културата. За финансирање на горе споменатите надлежности блок дотацијата се користи преку конкретни програми. Надлежните министерства и фондовите изготвуваат методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите која се базира на формула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма.

Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите на предлог на надлежното министерство по претходна согласност на Министерството за финансии, која се базира на формула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма. Заради следење на развојот на системот за финансирање на општините, согласно член 15 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Владата, по предлог на МФ, формира Комисија за следење на развојот на системот за финансирање на општините. Комисијата ја сочинуваат претставници од МЛС, МФ, МОН, МТСП и Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Уредбите за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите се секоја година идентични, односно нема промена во утврдените критериуми за распределба на блок дотациите или воведување на нови (отсуство на трошоци за превоз како значаен елемент во формулата), што упатува на заклучок дека од страна на надлежните министерства и тела, не се преземаат доволно активности и мерки со цел подобрување на состојбите околу финансирањето на пренесените надлежности на ЕЛС, односно висината на блок дотациите секоја година се утврдува врз основа на историски податоци.

Потребата од редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините е содржана и во извештајот за анализата на состојбите со финансирањето на пренесените надлежности на општините на Меѓуресорската работна група, а Владата на Република Северна Макеонија, врз основа на таа информација донела заклучок согласно кој МФ, МЛС, МО, МОН, МК,

МТСП се задолжени секој во делот на својата надлежност, најдоцна до 30.06.2020 година да достават информација до Владата за реализација на истите, со акциски план за спроведување на препораките.

Според одговорите од надлежните министерства досега не се преземени доволно активности во насока на спроведување на препораките што укажува на неподготвеност на надлежните министерства за редефинирање на начинот и утврдувањето на критериумите за наменските и блок дотациите.

Имајќи ги во предвид моменталните глобални економски текови и предизвици, ковид пандемијата, инфлациските притисоци врз економија како и енергетската криза која ја потресува Европа, наметнуваат претпазливост во однос на планирањето и распределбата на блок дотациите наменети за финансирање на пренесените надлежностите на општините во образованието, детската и социјална заштита и културата. Во вакви услови, со непреземање на активности од страна на надлежните министерства за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините со доволно јасна и транспарентна формула во која ќе бидат вклучени сите видови на трошоци со

реални вредности и големини се доведува во прашање квалитетот на услугите на пренесените надлежности и редовно сервисирање на обврските.

Општина Кисела Вода

Сметка на приходи на Буџет на дотации (930)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 384.839 | 368.462 |
| **Вкупно приходи** | | **384.839** | **368.462** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 317.403 | 308.359 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 39.569 | 32.687 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **356.972** | **341.046** |
| **Капитални расходи** | 3.2.3. | **11.013** | **2.499** |
| **Вкупно расходи** | | **367.985** | **343.545** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **16.854** | **24.917** |

Општина Кисела Вода

Сметка на приходи на Буџет на дотации (930)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 16.854 | 24.917 |
| **Вкупно тековни средства** | | **16.854** | **24.917** |
| **Вкупна актива** | | **16.854** | **24.917** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 16.854 | 24.917 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **16.854** | **24.917** |
| **Вкупна пасива** | | **16.854** | **24.917** |